**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 април 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 16,29 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, а колегите кои се во салата да седнат на своите места.

Продолжуваме со работа по Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Љубчо Георгиевски, Ружа Ѓорѓеска, Мери Младеновска-Георгиевска, Слободан Најдовски, Есад Рахиќ, Иван Стоилковиќ, Андреј Жерновски, Веле Митаноски, Љубиша Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Минуваме на точката 8-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со предлог на закон.**

Претресот по Предлогот на законот за донесување на Законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за основното образование.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник.

За гласале 57 пратеника, 1 е воздржан од гласање и 3 гласале против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника, вкупно гласале 59 од кои 58 гласале за, нема воздржани и еден гласал против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 24 став 1 и за менување на став 3 член 24-а за додавање три нови става 3, 4 и 5 по ставот 2, за додавање нов член 24-в по членот 24-б, член 33 за менување на ставовите 2 и 3, за менување на член 35, член 36, член 43 став 1 и за бришење на ставот 3, член 44 став 2, член 52 за бришење на ставовите 1 и 2 и на став 3 членот 55 ставовите 4 и 5, член 58, член 59 став 1, член 60 став 1, член 61 став 3, член 66 за менување на став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, за додавање нов член 75-а по членот 75 за додавање нов член 74-а по членот 74 и на член 6 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 3 и истиот го повлече.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менување на член 3, менување на член 1 и за менување на член 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 и на член 4 став 1 за додавање нов став 3 по ставот 2 и за додавање нов став 5 по ставот 4.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандмани за бришење на член 1, за бришење на член 2, член 4 став 1 и за бришење на член 5 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Роза Топузова-Каревска поднесе амандмани на член 1 за бришење на став 1 и на став 2 и на член 2 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Лилијана Поповска и Јагнула Куновска поднесоа амандмани на член 1 за менување на став 1 и на член 2 став 1 и за бришење на став 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Роза Топузова-Каревска, не ја гледам во салата.

Има збор господин пратеник Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам потпретседателе.

Дозволете прво да соопштам во врска со амандманот и во врска со законот кој го разгледуваме и со процедурата во која се наоѓаме, и за работата на Собранието во врска со овој закон неколку работи.

Однапред ве повикувам да не ви падне на крај памет да ми одземете збор.

**Иван Анастасовски:** Ми се заканувате?

Јас немам намера да ви одземам збор.

(Со седницата продолжи да претседава господинот потпретседател Бесим Догани)

**Никола Поповски:** Ми се чини дека стана многу лесно . . .

(Реакција на некои пратеници во салата)

Додека вие се смеете, секои пет минути си менувате столчиња, Парламентот го направивте како столче во парк каде што кој како сака си седнува и ги храни гулабите.

Дозволете да соопштам неколку зборови.

Прво, во овој Парламент стана многу лесно потпретседателот водејќи ја седницата по свое наоѓање, без да има деловничка одредба за тоа, без да го спроведе Деловникот на начин на кој го пишува тоа во Деловникот да одзема збор на членот на опозицијата по нивно наоѓање и за тоа да бидат наградувани од членовите на коалицијата кои се на власт . . .

**Бесим Догани:** Се извинувам господине Поповски, дали се јавивте по амандманот или . . .

**Никола Поповски:** По амандманот.

**Бесим Догани:** Во ред, повелете.

**Никола Поповски:** А, вие имате нешто да ми сугерирате за амандманот?

**Бесим Догани:** Јас мислев да не сте пријавени процедурално.

**Никола Поповски:** Не, по амандманот се пријавив.

**Бесим Догани:** Во ред, повелете.

**Никола Поповски:** Бидејќи се менувате на секои три минути на потпретседателското столче, сакам и вас да ви соопштам да не ви падне на памет да ми го одземете зборот.

Во овој Парламент стана нормално после една изречена реченица ако на потпретседателот, кој ја води седницата тоа не му се бендисува да го одземе зборот на пратениците од опозицијата. Стана нормално во овој Парламент членовите на владеачкото мнозинство да изрекуваат постојано. . .

**Бесим Догани:** Господине гледате дека веќе има реакции од пратениците. Амандманска расправа имаме господине Макрадули. Не се јавивте процедурално.

**Никола Поповски:** Во овој Парламент . . .

**Бесим Догани:** Отворен е претрес по амандманот за бришење на член 1 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

**Никола Поповски:** Ќе дојдам и на амандманот, не се секирајте.

(Реакција на некои пратеници во салата)

**Бесим Догани:** Мислам дека е јасно, а слушаат и реакциите на колегите пратеници.

**Никола Поповски:** Вие ја водите седницата. . .

(Јани Макрадули од место-обезбедете услови за работа)

**Бесим Догани:** Неможам да обезбедам кога не зборувате по тоа што треба да се зборува. Јас не знам како да ви објаснам.

(и понатаму во салата реакција на пратениците)

Затоа барајте процедурално и објаснете дека сте против амандманот што го даде Владата.

Ве молам господине Поповски или говорете . . .

(пратеникот Никола Поповски се обидува да му се уфрли во збор)

или ќе морам да ви одземам збор.

**Никола Поповски:** Господине Догани вие се раководите од Деловникот, или се раководите од законот на толпата која ако нешто не и се бендисува вие треба тоа да го спроведете.. .

(остра реакција на некои пратеници во салата)

**Бесим Догани:** Ве молам, ова е претерано веќе и . . . зборови кои го рушат дигнитетот на Собранието.

**Никола Поповски:** Господин Догани вие како говорник и како потпретседател лично толку навредливи зборови изрековте за нас, ниту сам си го одземавте зборот, ниту на другите.

**Бесим Догани:** Ве молам господине Поповски или продолжете по амандманот, или да ви го одземам зборот, затоа што навистина веќе нема смисла да си дофрлуваме. Повелете.

**Никола Поповски:** Добро, значи вие продолжувате со тактиката дека за се што не ви се допаѓа одземате збор. Така ли? Тоа беше целта кога се избираа потпретседатели да нема никој од опозицијата за да можете тоталитарна контрола на Собранието да установите.

**Бесим Догани:** Добро, ви благодарам многу.

Има збор пратеник . . .

**Никола Поповски:** Не можете да ми одземете збор. . .

(дофрлување на некои пратеници од место, но не се слуша)

**Бесим Догани:** Јас го опоменав три пати веќе.

(и понатаму реакција на пратениците од опозицијата)

Благодарам. Грковска Славица, повелете.

(процедурално бара збор пратеникот Јани Макрадули)

Повелете процедурално, има збор Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Не разбирам зошто е оваа непотребна нервоза. Ако брзаат на прослава за изборот на министерот за култура ги молам пратениците од ДПА . . .

(реакција на пратениците од позицијата)

. . . нека остават да си работиме за темата. Ви според Деловникот треба да се однесувате каде што ќе го опомените, па потоа врз база на содржината уште еднаш ќе му изречете и после може да се решите да одземање на збор, а не во дијалог да одлучите дека треба да одземете збор. Вие ќе укажете на тоа дека е надвор од темата, од дневниот ред, па ако продолжи потоа повторно да го опомените и повторно да му го одземете зборот, а не во дијалог одеднаш да ви текне дека треба да му го одземете зборот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Блгодарам господине Макрадули.

Јас воопшто не водев дијалог. Јас не гледав во себе нервоза, нервозата е кај вас, зошто е незнам. Јас три пати го опоменав господинот Поповски да говори по отворениот претрес. Не го направи тоа и му одзедов збор. Чисто, сосема деловнички.

Процедурално бара збор пратеникот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Господин Догани мене ми е јасно дека вие си ја имате задачата дадена од дома за прекинување до крај, како домашна обврска да си ја исполните. Вие ниту дојдовте во ситуација да оцените за што јас зборував. Само што почнав со говорот, после три збора, на знакот на тропање на парламентарното мнозинство и веројатно на знакот на некој ваш претпоставен, кој одлучува од партијата дали ќе бидете или не потпретседатели или министри веднаш реагирате и ми одземате збор. Еве да ве прашам процедурално.

Врз основа на кој член и за што ми го одземавте зборот да ми дадете деловничко толкување во овој момент ве молам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Господине Поповски веќе зборувавме за деловничките членови, дадов образложание . Вие не зборувавте по отворениот претрес. Не знам дали знаете дека е отворен претресот.

(пратеникот Јани Макрадули реагира од место со зборовите -тоа не е точно).

Почнавте да зборувате за други теми кои се надвор од темата за која треба да се говори. Мислам дека сосема ви е јасно, но не сакате да разберете.

Процедурално има збор господинот Мендух Тачи.

**Мендух Тачи:** Почитувани колеги и јавност излегов тука за права информација на господинот Макрадули.

ДПА никогаш не слави на вакви работи. Исклучок ДПА секогаш слави и ќе слави кога на вас ви паѓа рејтингот испод 8. Тоа е прво.

Второ . . .

(остра реакција на пратениците од опозицијата)

**Бесим Догани:** Ова е прва опомена.

**Мендух Тачи:** Второ, сега и на вас лично и на вашите претпоставени.

Господа од СДС со сите претпоставени што ги имате дајте ве молам . . .

(остра реакција на сите пратеници од опозицијата)

Еднаш за секогаш . . .

(и понатаму остра реакција на пратениците во салата)

Само две секунди дечки, со се СДС, со се ваши шефови

(реакција на пратениците на позицијата а посебно на пратеникот Никола Поповски)

**Бесим Доганиќ:** Господине Поповски процедуралното . . .

(господинот Поповски и натаму реагира)

Само да ви објаснам.

(господинот Поповски и понатаму реагира од место)

Во ред, има збор пратеникот Славица Грковска.

(и понатаму господинот Поповски и други пратеници во салата реагираат)

**Славица Грковска:** Господине Догани имам сериозна забелешка на вас заради тоа што вие очигледно покажувате пристрасност и немате ист однос кон сите пратеници во ова Собрание. Меѓутоа, за жал морам да констатирам дека тоа особено се однесува кога господинот Тачи ќе се јави за да ја злоупотреби процедуралната забелешка.

Очигледно дека заканата што господинот Тачи му ја прати на господинот Иван Анастасовски дека секакво процедурално интервенирање од страна на потпретседателите може сериозно да влијае на нивната политичка кариера, влијае и на вас и затоа ја губите вашата пристрасност и вашиот кредибилитет како потпретседател на Собранието.

Она што уште еднаш ме ужасува, а што во текот на расправата го констатирам е исто како и претседателот на Собранието и вие покажувате елементарно непознавање, но за жал не само на Деловникот, туку и на Уставот на Република Македонија, што за прв пат се случува во историјата на ова Собрание.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и вас.

Процедурално бара збор пратеникот Благородна Дулиќ. Повелете.

**Благородна Дулиќ:** Ве молам потпретседателе да ја продолжите седницата по дневниот ред. Очигледно е дека колегите од мојата десна страна сакаат да предизвикаат неред во Собранието, да направат да немаме кворум за работа понатаму ако дадете сега пауза за да не си ја завршиме работата, за што чекаат граѓаните на Република Македонија. Доста со тие процедури и ако се дискутира да се дискутира по дневниот ред. Ако не знаат по кој член вие ги опоменувате, нека го прочитаат член 87 од Деловникот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Процедурално по седми пат денеска господинот Јани Макрадули, повелете.

(Никола Поповски од место-што ти е тебе гајле)

**Јани Макрадули:** Согласно Деловникот, почитуван потпретседателе, можам да се јавам и 77 пати.

Јас не знам дали мислеше колешката Дулиќ на пратениците до нејзе што седат од десната страна, но кога еднаш ќе се наруши принципот некој под процедурална закрила кажува реплика, а ВМРО-ДПМНЕ тоа не го гледа, бидејќи се работи за Мендух Тачи господинот и тука не смеат да реагираат, бараат алиби, па на малку подесно одат, а не гледаат од лево дека им се руши Владата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Јас не би сакал да навлегувам во дијалог со вас, но вие сте еден од тие пратеници кои под поткрилјето на процедурално исто така говорите репликантски. Да, затоа после има други јавувања. Вие бевте прв што баравте збор.

(Остра реакција на пратениците од опозицијата)

Ве молам, продолжуваме, Герамитчиоски Тале.

(И натаму остра реакција на пратениците од опозицијата)

Во ред, Грковска Славица е пријавена за збор по амандманот, повелете.

(Никола Поповски - јас бев на ред)

(И други пратеници од опозицијата бараат збор процедурално и реагираат)

Грковска Славица, повелете.

(Пратеникот Роза Топузова-Каревска бара збор процедурално)

Процедурално Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Навистина не знам зошто секогаш било кое барање за процедурална забеелшка се доживува негативно од страна на парламентарното мнозинство.

Имено, вчерашните мои процедурални забелешки врз основа на Законот за основно образование докажаа дека биле апсолутно добронамерни, конструктивни, што резултираше и со измена на Законот, доставените амандмани околу воведувањето на веронауката.

Токму поради тоа немојте се да сфаќате дека е насочена против вас, или против парламентарното мнозинство. Сега, навистина имам еден проблем кој што треба да го решиме во пратеничката група, да се договориме околу одредени принципиелни работи и затоа што се однесуваат до измените на овие амандмани кои што ни ги доставивте и токму поради тоа барам пауза од половина час.

**Бесим Догани:** Во ред.

Пауза од половина час.

(Пауза од 16,53 часот)

(По паузата седницата продолжи во 17,25 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по паузата што ја побара пратеничката група на ЛДП.

Има збор пратеничката Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Имајки го предвид фактот дека на веќе поднесениот Предлог за измени и дополнување на Законот за основно образование пред два дена добивме 19 амандмани, кои во суштина претставуваат еден комплетен предлог за измени и дополнување на Законот, кој се однесуваат на концепцијата за деветтолетка, а Владата тоа го искористи практично да подметне на Предлогот за изменување и дополнување на Законот за основно образование кој што се однесуваше само на воведувањето на веронаука, дополнително го искомплицира изјаснувањето на пратениците по овој закон. Меѓутоа, за да биде трагедијата поголема, вчера во 17,00 часот после интервенциите и говорите на опозицијата, Владата повторно поднесе амандмани на Предлог законот за изменување на Законот за основно образование, кои исто така стануваат составен дел на законот, кои уште повеќе ја комплицираат ситуацијата по изјаснувањето по овој закон.

Јас се прашувам во овој момент дали знае, дали е свесен министерот за образование кој амандман кој што јас сум го поднела, на кој член од законот не го прифати, во ситуација кога имаме веќе на два пати поднесување амандмани на Владата на основниот текст кој што ни е одамна поднесен, јас се прашувам дали воопшто има контрола во ваквата ситуација министерот да каже кој амандман во суштина го одби, на кој член точно од законот тој се однесува, заради тоа што тој член на кој ние веќе сме го поднеле амандманот не личи на себе, после неколкуте интервенции на Владата. Ваквото однесување, и покрај тоа што пратениците од парламентарното мнозинство веќе неколку денови наназад се обидуваат да не убедат дека станува збор за концепција, за стратегија во образованието која што оваа Влада ја има, паѓаат во вода. Ова само укажува дека има ад хок решенија, водени чисто од популистички побуди кои не се сериозно обмислени, на што ние постојано сериозно реагираме, заради тоа што ваквото однесување може да направи само големи штети во образованието, никако корист, ваквите избрзани и непромислени решенија. Такво прво и непромислено решение беше предложено од Владата, која предложи во основниот закон кој го поднесе, а на кој јас амандмански реагирав да се брише како цел член, со кој што дозволи во основното училиште да се организира и верско образование како изборен предмет, меѓутоа, покрај партиските обележја не забранува истакнување на верски обележја. После инсистирањата и укажувањата на пратениците од

парламентарната опозиција на сериозноста на ваквото решение и што можноста за употреба на верските обележја во училиштата може да се случи, Владата изреагира со амандман во кој се вели дека се забранува и политичко и верско организирање и дејствување, но и истакнување на партиски и верски обележја, со што практично го враќа речи си истиот текст во законот кој што сака да го менува. Меѓутоа, и покрај тоа што ние во неколку наврати до сега сме реагирале на ваквото однесување на Владата, затоа што покрај тоа што ги ускратува можностите на пратениците амандмански да реагираат на дополнителните амандмани и решенија кои што Владата ги предлага, сериозно ги става во деградирачка и понижувачка позиција пратениците на парламентарното мнозинство, затоа што господинот Цветко Грозданов кој е член на Комисијата, ќе видите во Извештајот дека на седницата на Комисијата се обидуваше да не убеди дека не може да има ништо страшно во употреба на верските обележја во училиштата и дека тоа може да се регулира на поинаков начин, за сега Владата да се предомисли и практично да го деградира пратеникот кој што неа ја подржува. Него го земам како пример сосема случајно заради тоа што тоа го пишува и во Извештајот на Комисијата, не е никаква тајна, меѓутоа, тоа се случува и со сите пратеници од парламентарното мнозинство кои ги бранеле ставовите на Владата за време на дебатата на решенијата во комисиите.

Пак ќе укажам дека дозволата за верско образование во основното училиште е спротивна на Уставот и дека треба овој амандман парламентарното мнозинство да го прифати, заради тоа што еднаш веќе иамме Одлука од Уставниот суд кој го тангира истото ова прашање, еден ваков обид за кој Уставниот суд се произнесе, имаме јасна слика дека вакво нешто во државните, потенцирам во државните јавни училишта е невозможно да се спроведе. Се разбира дека тоа е можно во училиштата на верските заедници и религиозни групи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Процедурално има збор господинот Мендух Тачи, повелете.

**Мендух Тачи:** Навистина станува мачно веќе, ова што го прават пратениците на СДСМ е неиздржливо. Нас можете да не малтретирате, не е проблем, ние ...

**Бесим Догани:** Ве молам господине Тачи, се разбравме околу ова, мислам дека не би требало повеќе да дебатираме за тоа. Ви благодара,

**Мендух Тачи:** Ете, ми одзема збор. Задоволни сте? (Смеење).

**Бесим Догани:** Продолжуваме понатаму.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, почитуван министер,

Зошто треба да се прифати овој амандман, во кој што предлагаме членот 1 да се брише. Ќе ги наведам многу сериозните причини за кои вреди да се размисли. До колку внимателно се прочита Предлогот во членот 1, суштински тоа е законот, бидејки се предлага воведување во основното училиште организирање и верско образование како изборен предмет. Оној втор дел, кој што се избриша намерно или ненамерно, амандмански беше вратен повторно, но јас нема да дискутирам за тоа бидејки за тоа дискутирав на говорница и после тоа Владата интервенираше со амандман и ја свати грешката, ја поправи грешката.

Она кое што се обидував да го објаснам кои се нашите дилеми не можам да го прочитам ниту од образложенијата, ниту од новите амандмани на Владата. Имено, од оваа говорница парламентарното мнозинство кога го бранеше ставот за воведување на веронаука, меѓу другото се повикуваше на компаративните анализи кои се направени кај повеќе европски земји, каде што навистина постои голема шареноликост, ама тие претходно сериозно направиле анализи што ќе значи тоа или како ќе се рефлектира врз нивното општество.

Кај нас мене ми е совршено јасно како правен приод се избрал. Во образложението стои: да се создаде правен основ за воведување на верско образование во основните училишта како изборен предмет, а потоа ќе видиме што. Бидејки не добивме одговор на прашањето дали има подготвено наставен план и програма или да бидам уште поконкретен кој приод кон веронауката ние како Република Македонија го избираме. Не добивме одговор дали тоа е конфесионален или неконфесионален модел, кај кои верски заедници постои капацитет да понудат веронаука или тоа ќе биде само за православна и исламска вероисповест. Предметот дали ќе биде изборен, задолжителен предмет или изборно задолжителен предмет, навистина направен е обид и преку новите амандмани да се дообјасни тоа, но навистиан конфузијата е уште поголема. Во амандманот 21 во кој членот 2 се менува а има врска со членот 1 - ќе ми простите што го прескокнувам сега ова со објаснувањето, но вели: учениците согласно наставниот план и програм аќе можат да избираат меѓу предметите веронаука и запознавање со религиите, а потоа во образложението стои: учениците согласно наставниот план и програма ќе можат да избираат меѓу изборните предмети веронаука, запознавање со религиите, етика и граѓанска култура. Кога веќе ги набројувате во образложението, а во членот сте внимавале да не набројувате предмети, веќе сте наброиле предмети, тогаш направете ги сите, за да биде јасно што ќе може да се избира, дали е задолжителен или изборен предмет или изборно задолжителен предмет. И конечно, дали има супституција или алтернатива на ова, што е со оние кои се атеисти и нема да сакаат воопшто да

изберат еден од тие предмети. Дали тоа право го дозволува овој закон. Да се каже за јавноста, занчи во една смирена атмосфера да одлучиме сите заедно, кој ќе има одговорност за наставната програма, дали Министерството за образование и наука, односно Бирото за развој на образованието тоа ќе го прави или Црквата, односно свештениците, како што тие даваат соопштенија во информативните гласила. Дали тоа е дезинформација за јавноста, но добро е тоа да го слушнеме од министерот.

Конечно, јасна е разликата меѓу левите и десните опции, како што мојот почитуван колега Николовски кажа, јасна е определбата на десничарските партии кои се обидуваат секогаш веронауката да ја внесат, но исто така јасен е нашиот став, дајте аргументи за јавноста што навистина ќе се случи после воведување на веронауката. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Како што гледате, господине Догани, нема бегање од зборување во Парламентот.

Би сакал да укажам, тоа што вие упорно ме спречувавте пред паузата, по повод овој амандман што се случува со законот. На 23 март се поднесе законот. Госпоѓица Грковска амандманот го има поднесено во рок од 4-5 дена согласно собранискиот Деловник. Законот што е поднесен има два члена. Во едниот член се вели дека се воведува верско образование, а вториот е дека со наставниот план и програма се уредува изборот на предметите за верско образование, тоа што го зборуваше господинот Тале Герамитчиоски. Откако е поднесен законот и откако заврши процедурата за предлагање на амандмани Владата на 10 априлподнесува уште 19 амандмани со 24 члена и вчера поднесува уште 3 амандмани, од кои 2 се однесуваат на единствените два членови кои ги менувате со законот. Сега имаме ситуација во која имаме закон со 30 члена, на која Парламентот по Деловник има право да поднесе амандмани само на два члена. Тоа нема никаква врска со демократијата. И да е апсурдот уште поголем, вчера Владата господин потпретседателе, таа може да го прави тоа меѓутоа очекував од вас да го заштитите Парламентот од процедура во која не може да го менува законот што се носи. Вчера Владата поднесе два амандмани, и двата се однесуваат на член 1 и 2 од законот кој го предложи. Во суштина сега го имаме законот со 30 членови на кои ниту на еден освен преодниот член што е технички не може да се поднесат амандмани. Другите 19-20 за што се поднесени после истекот на рокот и овие два амандмани, на единствените два на кои ние имаме право да поднесеме амандман. Сега вие прочитавте дека овие два се составен дел на законот. Ние господине потпретседателе во овој момент имаме закон од 30 члена на кои немаме право да поднесеме амандмани.

Јас не очекувам Владата да води грижа за тоа, прво, затоа што не ја интересира и второ затоа што Владата, зборувам за конкретнава Влада, смета дека Паралментот е нужно зло кое случано постои со Уставот, па мора да дојде тука, инаку радо би ги објавувала директно во Службен весник законите. Меѓутоа, очекував вие како потпретседател да ја викнете Владата и предлагачот и да му соопштите дека имате член, закон во процедура, на кој пратениците немаат право на амандман и ве молам да си го вратите во прва фаза, или вие со писмо да не известите дека имаме право уште 4 дена да поднесуваме амандмани на нив. Инаку сега што можеме да правиме? Во паузата зборував со минситерот, тој ми вели имавте општ претрес вчера. Со општиот претрес не се менуваат закони. Закони се менуваат со амандмани и со поднесување амандмани.

Сега госпоѓицата Славица Грковска поднесла амандман за бришење на член 1, а вчера Владата тој член 1 го менува со нов член 1 и повторно го препишува истиот и додава "партиски и верски обележја" Тој амандман повторно е внесен, за што ќе се изјасниме ние?

Да ви кажам искрено, во овој вовед на оваа дебата, една дигресија која не е надвор да направам. До 1990 година работев во државните иснтитуции како државен службеник неколку години, две три, и понекогаш по службена должност таму на оние горни редови присуствував како стручен соработник кога имаше закони во кој бев инволвиран во работењето. И во тој Парламент не можеше да се случи ваква недемократија и во тој Парламент ако се оценеше дека се заобиколени процедурите и ставени пред свршен чин ќе се одложеше расправата, да им се овозможеше ан тогашните делегати да го разгледаат и поднесат амандмани. Меѓутоа, овде ситуацијата станува и гротескна и трагична и загрижувачка.

(Дофрлување на пратеник со зборовите: тогаш беше комунизам).

Тогаш бил комунизмот, сега е наводно демократија, меѓутоа, некој очигледно тежнее да го врати комунизмот и законите да ја заобиколат парламентарната процедура.

По повод членот на кој е поднесен амандманот, сега конкретно не за процедурата за амандманот, зашто и ова што го зборувам сега е апсолутно неважно, не постојат членовите на кои се поднесени амандмани, сите се нови. Вие не не заштитувате нас од таа позиција. Теоретски Владата може да поднесе еден член за измени на некој закон и откако ќе измине рокот за амандмани да поднесе уште 300 на кои ние немаме право за ништо и да си го протне законот. Тоа ја збрзува вашата процедура, меѓутоа, ја уназадува демократијата.

Сега сакам да поставам едно конкретно прашање господине министер до вас. Амандманот за

бришење на член 1, кој не постои заради лавиринтите во кои сте влезени, го исклучува верското образование како задолжително образование во основното училиште. Господинот Герамитчиоски сега отвори една дилема дали изборен предмет значи сакам или не сакам верско образование, меѓутоа, јасна е интенцијата на законот дека имате верско образование, а можете да изберете дали ќе слушате првославие, ислам, или ќе слушате историја на сите религии во светот и т.н. Сега сакам да ве прашам, со оглед дека како пратеник вие сте трет министер кој воведува верско образование од 1990 година до денес. На двајцата претходни министри не им успеа, едниот за малку падна во Парламентот, а другито помина во Парламентот, но му падна законот на Уставен суд. Со оглед дека ов ане е прв пат, историјата на оваа процедура се познава, трошиме овде 5 дена во Парламентот, ќе троши Уставниот суд после тоа 5 дена во општа расправа и т.н.

Вие не нудите решение за кое има сомнеж дали е согласно со Уставот или не. Јасно е дека Уставниот суд оценил, освен ако сега Уставниот суд, за иста одредба, на ист закон, само после четири години или пет оценил дека треба да донесе нова, поинаква одлука.

Ме интересира директно да го прашам и би ве замолил директно да одговорите. Ова прашање не е обично. Ова ја политизира јавноста. Како што кажаа моите колеги, македонската јавност е поделена заради причини што четири денови дискутиравме и заради кои секој од нас има сопствени одговори.

Дали вие како министер, кој поднесовте закон само со една единствена одредба да се воведе верско образование, ако падне на Уставен суд, ќе ја преземете на себе сета одговорност, како министер за тоа и ќе направите некаков чекор или ќе се правите дека е обична грешка, на министрите им се случува да им паднат на Уставен суд одредби од законот, па ќе продолжите со работа? Многу ме интересира која е вашата позиција на ова.

На крајот, на краиштата, за вака клучно прашање во законот вие и треба да соопштите дали, ако падне на Уставен суд, ја заложувате својата работа како министер. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

Реплика од три минути има министерот за образование и наука, господинот Сулејман Рушити. Повелете.

**Сулејман Рушити:** Очигледно, многу сакате оставка да поднесам. Се гледа, бидејќи во сите ваши прашања барате одговорност и за деветолетката и за Законот за средно образование баравте одговорност што ќе се случува после тоа и дали јас ќе сносам одговорност. И, во секое ваше јавување од вашите почитувани пратеници има едно многу интересно прашање-дали сум јас свесен. А, тоа е, мислам дека сите кои малку прочитале психологија знаат што значи реторичко прашање-министре дали сте вие свесен?

Пак ќе ви одговорам, јас сум свесен. Ако не ви е доволно тоа, значи, “свесен сум и кога спијам”.

Сега, на конкретните прашања. Мислам дека на Комисијата за образование се договаравме и не е чесно да ги отвараме ваквите теми кога веќе еднаш се договоривме. На таа комисија, претседател, како што знаете е пратеник од СДС. Се договаравме да вашите забелешки по амандманите на Владата бидат исправени. Така ли беше? Амандманите што се доставени сега, значи дополнително од страна на Владата, се со вашите забелешки. Тогаш не знам зошто сега повторно прашувате за нешто за што веќе се договаравме?

А, што се однесува до допрецизирањето на изборниот предмет, изборен задолжителен предмет, кога ги набројуваме веронаука и историја на религии, запознавање со религиите, пак тоа беше ваше барање што го искажавте на Комисијата за образование. Мислам дека со тоа вашите забелешки се сите внесени во амандманите.

Сега, не знам кои се забелешките. Ако сакате, конкретно прашање, прашајте или дајте ги забелешките, па јас ќе ви одговорам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рушити.

Контра реплика од една минута господин Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господине министер,

Јас ја почитувам вашата  желба да го избегнете одговорот. Јас, за средно образование не дискутирав. Ниту дискутирав за деветолетката. Тоа, со госпоѓата Грковска и Герамитчиоски расчистете си го.

Вие сте ни поднеле закон да се воведе со закон верско образование кај децата до 15 години. Има амандман што јас го поддржувам да тој член се избрише. Тој член бил два пати воведен и паднат еднаш на Уставниот суд. Одговорот што ми го давате е избегнување на основното прашање. Дали, за вака битно политичко прашање, ако во Парламентот помине вашиот предлог а Уставниот суд го собори верското образование, како неуставно, а задолжително за децата кои се малолетни, вие ќе поднесете оставка и ќе сносите одговорност?

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Пред себе ја имам Одлуката на Уставниот суд кога бил оспорен Законот од 2003 година. Според она што јас го има тука како одлука, зошто тогаш се укинал Законот од Устввниот суд, има сосема други причини.

Кога ние доставувавме закон, се повикувавме на нешто друго, а нормално дека тогаш кога се доставил од страна на тогашниот министер,

Законот за воведување на веронаука и запознавање со религиите, Законот од Уставниот суд бил соборен од други причини. Мислам дека тоа во дебатите веќе го кажавме. Го кажавме во образложението, го имате и напишано. Поделени ви се и документи. Ако не се, јас сум подготвен тоа сега да ви го покажам.

Мислам дека да се прејудицира за нешто дали ќе биде соборено или нема да биде соборено, мислам дека е тоа прејудицирање. Сметам дека има правна основа законот да помине и на Уставен суд. Ако вие сметате дека нема, тоа не значи дека јас треба да сносам одговорност и за одлуки на други органи во државата. Јас ќе сносам одговорност за функцијата министер за образование и наука.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рушити.

За реплика се пријавени Герамитчиоски Тале и Грковска Славица.

Има збор Грковска Славица, како известител на Комисијата има предност, повелете.

**Славица Грковска:** Чувствувам за потребно за јавноста да појаснам, затоа што очигледно, поради преголемиот број амандмани со кои што бевме преплавени во однос на овој закон, а по кој што не можевме да реагираме, сега гледам дека тоа што го поставив како дилема, дека на министерот не му е јасно за кој амандман зборуваме, дека станува вистина.

Точно е дека ние се договаравме дека забелешките што ги имаме ќе бидат земени во предвид во новиот закон. Меѓутоа, тоа беше само за амандманите што Владата дополнително ги поднесе, а се однесуваат на концепцијата за деветолетката.

За овој дел ние имавме можност во редовна процедура да поднесеме амандмани и тие амандмани ги поднесовме, на оние членови што се однесуваа за веронауката. На Комисијата тогаш беше присутен господинот Јован Лазарев и, за жал, немаше расположение да се излезе во пресрет на нашите коментари. На пример, тоа да биде, верски обележја да бидат вратени во законот, кадарот од овој член на законот да не можат да бидат претставници на верските заедници, наставната програма да се усвојува по јавна расправа во Собранието на Република Македонија заради избегнување на можноста за злоупотреги и заради тоа да можат родителите да имаат увид во тоа што се предвидува во наставната програма.

Значи, за појаснување, сакам да кажам дека имаше две посебни комисии и тие се свесни дека јас барам, имајќи ги предвид 19-те амандмани што практично претставуваат цел закон, а се однесуваа на концепцијата за деветолетка, да имаме посебна седница на Комисијата на која што ги разгледавме амандманите и за нив се договоривме, бидејќи не сме, бидејќи ни е ускратена можноста да интервенираме со амандмани, Министерството да ги земе во предвид кога ќе го изготвува новиот закон за основно образование, за што беше кажано дека за околу еден месец ќе биде дојден во Собранието. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓице Грковска.

За реплика на говорот на министерот се јави пратеник Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Господине министер,

Јас ви кажав пример. Погледнете го амандманот 21 што вчера го доставивте. Имате техничка грешка во законот, во Предлогот на амандманот што ќе предизвика тешки дилеми. Во самиот амандман ви стои: “Учениците, согласно наставниот план и програма ќе можат да избираат помеѓу предметите веронаука и запознавање со религиите,” и не допишале таму.

Во образложението ви стои добро и тоа од образложението треба да го вметнете во амандманот, бидејќи амандманот станува составен дел на законот. Во образложението ви стои: “Учениците согласно наставниот план и програма ќе можат да избираат помеѓу изборните предмети: веронаука, запознавање со религиите, етика и граѓанска култура”. Понатаму ви стои “Во петто одделение учениците ќе можат да избираат помеѓу предметите: веронаука и запознавање со религиите”. А, “во шесто одделение помеѓу изборните предмети: етика и граѓанска култура”. Ама, оваа нема да стои во законот. Ова треба да се преслика во амандманот. Затоа што во амандманот нема објаснување, тоа предизвикува дилеми. Во образложението стои.

Тоа ми беше сугестијата и тоа е конкретниот пример што ви го кажав на можни недоразбирања, што е изборно, што е задолжително, кој дел не е, кој дел е. Во образложението стои, а овде очигледно сте пропуштиле. Ова е најдобронамерно. Проверете, ќе видите дека веројатно станува збор за техничка грешка.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Имаме само уште три минути, а имаме две реплики. Јас би предложил да ги завршиме репликите на господинот Макрадули и Поповски, а утре да остане за збор пријавениот пратеник Киров Аце.

Макрадули Јани, повелете, три минути.

**Јани Макрадули:** Благодарам. Еве, ќе се обидам трите минути да ги распределиме некако.

Јас зборував за одговорноста, мислам дека се согласувам, доколку Уставниот суд ја поништи оваа одлука дека не треба или не можеме многу да бараме одговорност. Мислам дека тоа ќе се вди со задолжителното средно. Но, со оглед и на позициите, реков, во ДПА, не очекувам господинот Рушити да сноси некоја одговорност, со оглед на тоа што направи неколу гафови до сега, но тие поминаа некако неказнети.

Денеска, му се поклопува дебатата за министерот за култура, бидејќи тој, во изминатиот период, кога беа опозиција беше министер во сенка за култура во Владата, условно кажано на ДПА.

Само ќе цитирам дел од Одлуката на Уставниот суд што некако лебди во воздух, но господинот минситер не се обиде и да ја каже, но има некоја одлука што е различна, велеше.

Да цитирам уште еднаш:

“Тргнувајќи од уставната гаранција за слободата на верското верување, слободата на вероисповеста, како и од принципот на одвоеност на државата од верските заедници и религиозни групи произлегува дека ниту државата, ниту нејзините органи, со свои акти и дејствија не можат, во рамките на институциите или надвор од нив на граѓаните на Република Македонија да им наметнуваат верско дејствување во било каков вид и форма.

Државата и нејзините органи, во своето верување, без исклучок, мора да ја задржат неутралноста, а со цел граѓанинот слободно да може да се определи дали ќе ја прифати или нема да ја прифати одредена вера, дали ќе ја исповеда или нема да ја исповеда, дали ќе учествува или нема да учествува во верските одредби. Тука би припаднала и слободата на определувањето, дали граѓанинот ѓе ги изучува своите книги на религиозната група...” и тн. и тн.

По сите анкети се кажува дека не е направен доволен обид правно да се регулира ова. Тука е нашата загриженост. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Последна реплика господинот Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Мене ми е жал што со реплики сега разговараме за клучната одредба на овој закон. Бидејќи другите, со деветолетката е техничка работа.

Членот 19 од Уставот вие не го протолкувавте добро. Прочитавте нешто што не е добро за толкувањето на ова. Еве, како гласи Уставот. Уставниот суд е само последната институција што може да процени, суд, да даде суд кој од нас е во право. Тоа не ни го одзема правото да пресудиме однапред ако гледаме дека е јасно.

“Се гарантира слобода на вероисповест”. Не вели дека се гарантира обврска на вероисповест. “Слобода”.

Верата, во Уставот, ставот 2 од членот 19 е ставена во здружувањето, не е ставена во државни институции. “Се гарантира слободно и јавно поединечно или во заедница со други изразувања на верата”. Слобода на верско здружување. Ние, овде наметнуваме обврска за верско образование, насочуваме на децата.

И клучното, членот 4, ставот 4 вели:

“МПЦ и другите верски заедници, религиозни групи... (и тн.) се слободни во основањето на верски училишта...” и тн. Значи. Не вика државата. Вели МПЦ и други верски заедници се слободни да основаат верски училишта, “во постапка утврдена со закон”.

Да мислел Уставот и државата, немаше да ја одвои МПЦ. Ќе речеше во Република Македонија се основаат верски училишта и тн. Овде вели МПЦ. А, да потсетиме дека пишува во погорниот член “МПЦ е одвоена од државата”. Ако е одвоена од државата и ако нејзе и е дадено правото да основа верски училишта, да врши верско образование, што барате вие, како државна институција, мислам на Министерството за боразование, да организира верска настава? Тоа е апсолутно спротивно на Уставот.

Затоа, јас не мислам дека ако ова помине во Парламентот а падне на Уставен суд, вие ќе се повикате на членот дека сте биле одговорни за својата работа.

За тоа дека сте одговорни за својата работа, го пишува во членот на Уставот - Владата и секој министер за својата работа одговара пред Собранието.

Јас ве прашувам дали, ако овој клучен закон не ви помине во Уставен суд, сте подготвени да ја сносите својата политичка одговорност? Еве, да бидете и вие доблесен како и вашиот колега Илиријан и да ни потврдите дека демократски, како и тој, ако правите големи грешки ќе сносите и големи последици.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

Контра реплика од една минута министерот за образование и наука Сулејман Рушити. Повелете.

**Сулејман Рушити:** Господине Поповски,

Па побарајте пак интерпелација, да видиме.

А, што се однесува до слободата на изразување, тоа го има во законот.

Значи, воведување на веронаука и запознавање со религиите. Предметот запознавање со религиите е изборен предмет. Задолжително изборен предмет. Тоа е многу јасно. Запозанвање со религиите не е веронаука. Тоа е запознавање со сите религии во светот.

(Дофрлање од место).

Кое друго?

(Дофрлање од место).

Па, ќе избира помеѓу веронаука и историја на религии. Тоа се два различни предмети.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рушити.

Тука ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме утре во 11,00 часот со истата седница. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,04 часот)